

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 9-16 април 2025 Билтен бр. 592

# МАСОВЕН ОДЗИВ НА МЛАДИТЕ КАРПОШАНКИ КОН АКЦИЈАТА ЗА БЕСПЛАТЕН ЕХО ПРЕГЛЕД НА ДОЈКИ

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски, вчера во својот кабинет оствари работна средба со д-р Дејан Огњеновиќ од приватната здравствена установа „Св. Алексеј", каде што се одвива акцијата за бесплатни ехо прегледи на дојки за девојки од 20 до 30 годишна возраст. Станува збор за проект кој се реализира преку Програмата на Општина Карпош за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2025 година, како проектна активност за превенција и поддршка на женското здравје.**

**Акцијата започна на почеток на месец март, а досега правото на бесплатен преглед го оствариле 79 млади карпошанки. Според податоците на д-р Огњеновиќ, кај повеќе од половината е потврден наод, според кој пациентките се испратени на дополнителни прегледи и испитувања.**

**За овој проект локалната самоуправа издвои 200.000 денари, а градоначалникот Јакимовски во синоќешниот разговор посочи дека Општината е подготвена да обезбеди и дополнителни финансиски средства, доколку предвидените бидат исцрпени.**

**Во рамки на синоќешниот состанок, Јакимовски и Огњеновиќ изразија задоволство од досегашниот висок одзив на младите карпошанки. Притоа, обајцата соговорници потенцираа дека целта на овој проект е всушност подигање на свеста кај младата популација за создавање на навики за редовни и навремени прегледи за грижа на своето репродуктивно здравје. Во оваа пригода тие испратија апел до младата женска популација да ја**



# КАРПОШ ДОБИ СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

**Во рамки на 64-тата седница која се одржа денеска во просториите на урбаната заедница „Кузман Јосифовски – Питу“, советниците расправаа и полноправно одлучуваа по 36 точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока беше усвоен Социјалниот план на Општина Карпош, кој го изработува Општинскиот совет за социјална заштита. Оттука, Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на граѓани кои се жители на Карпош, притоа анализајќи ги капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во оваа локална самоуправа.**

**Инаку, Општинскиот совет за социјална заштита е составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност од областа на социјалната заштита. Во него членуваат и претставници на установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција и јавното обвинителство, од подрачјето на општина Карпош. Ова тело беше неодамна основано со одлука на Советот на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот Стевчо Јакимовски.**

**Притоа, Општина Карпош согласно Програмските активности на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, секоја година доделува парична помош на лицата со пореченост по повод 3 декември, односно Денот на лицата со пореченост. Воедно ова Одделение располага со своја база на податоци за лицата со попреченост, во која се евидентирани 196 лица од кои 122 се полнолетни и 74 малолетни. Според половата структура 115 од овие лица се мажи и 81 жена. Според видот на попреченост 131 лице се физички, 42 лица со интелектуална попреченост и 23 лица со комбинирани пречки. Во поглед на поддршка преку социјални услуги кои традиционално ги нуди Општина Карпош за своите сограѓани кои спаѓаат во оваа категорија, се вбројуваат Велигденските и предновогодишните хуманитарни акции под мотото „Да бидеме хумани за нашите соседи“. Во оваа акција учествуваат вработените во општинската администрација, потоа, децата од основните училишта и предучилишните установи, како и од општествено одговорни компании. Не изостанува ниту помошта за лицата односно семејствата кои влегуваат во социјален ризик, кои добиваат од Општината еднократна парична помош кога станува збор за лекување или пак некоја елементарна непогода. Локалната самоуправа исто така обезбедува парична помош за секое новородено или посвоено дете од територијата на Карпош, која се доделува на семејства коишто ги исполнуваат критериумите утврдени со Програмата, а се одобрени од Советот на Општината. Во рамки на ООУ „Вера Циривири Трена“ функционира и Центар за стручна помош и поддршка на деца со попреченост и нивните семејства кој е реализиран од страна на Македонското Монтесори Здружение во соработка со МТСП.**

Потребната поддршка ја доби Програмата за изменување и дополнување на Програмата за образование за 2025 година, на која се додаваат дополнителни финансиски средства во висина од 300.000 денари, за поддршка на учениците и наставниците од основните училишта во Карпош. Со истата динамика беше поддржана и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година. Имено, досегашната финансиска рамка од 3.400.000 денари со која се предвидуваше парична помош за лица/семејства во социјален ризик и за лекување, се менува и сега изнесува 6.000.000 денари. Советниците го обезбедија потребниот консензус и за изменување ио дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територија на општина Карпош за 2025 година. Со согласност на советниците од Карпош, измена и дополнување претрпе и Програмата за екологија и енергетска ефикасност за 2025 година. Станува збор за одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на општина Карпош, а за оваа активност се предвидуваат 147.470.000 денари. Динамиката на плаќање ќе биде утврдена согласно План Програмата за развој на Општината Карпош за периодот 2025-2035 година. Ќе се менува и внатрешното осветлување во спортските сали во основните училишта „Војдан Чернодрински", „Вера Циривири – Трена" и „Димо Хаџи Димов", каде ќе се инсталираат ЛЕД светилки за да се постигне подобар ефект и практична заштеда на електрична енергија. Според тоа, досегашната предвидена финансиска рамка од 3.200.000 денари се менува со износ во висина од 5.200.000 денари.

Во рамки на денешната седница беше изгласан и Планот со програми за развој на Општината за периодот од 2025 до 2035 година. Станува збор за десетгодишната развојна програма за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во локалната самоуправа. Реализацијата на поединечните фази ќе се одвива на годишно ниво со идентичен фиксен финансиски износ во висина од 14.747.000 денари.

Со мнозинство гласови беше поддржана и Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. Имено, оваа Одлука произлезе од доделувањето на средства со Одлука на Владата на РСМ во износ од 111.511.608 денари, кои се наменети за реконструкција на детската градинка „Мајски цвет" во населба Тафталиџе 1. Исто така, со ребалансот на општинскиот Буџет се распоредува пренесениот вишок од минатата година кај буџетската сметка во износ од 25.359.000 денари, како и пренесениот вишок кај блок дотациите од предходната година, кој изнесува 3.637.000 денари.

Комисијата е составена од градоначалникот Стевчо Јакимовски и четворица претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност, кои покрај тоа што ќе ја следат имплементацијата на ЛЕАП 3 ќе имаат можност и да предлагаат евентуални промени на Планот, при што еднаш годишно ќе имаат обврска да го известуваат органот на управата, којшто е надлежен за работите од областа на животната средина.



# ЈАКИМОВСКИ ЗАТВОРИ ГРАДИЛИШТЕ ВО ВЛАЕ

**И покрај изречени повеќе опомени и напишани повеќе казни од општинската комунална инспекција, градежната компанија Спектар Термо која работи на изградба на објект на улицата Драгутин Аврамовски Гуте бр.25 во Влае и натаму продолжува со своето несоодветно однесување, поради што градилиштето денеска го посети градоначалникот Стевчо Јакимовски. На лице место беше повикана и сообраќајна полиција, а по извршениот увид, донесена е одлука да се затвори  градилиштето заради попречување на сообраќајот, несоодветно однесување на градежната компанија, уништување на општински имот и загрозување на безбедноста на граѓаните.**



# ЕКИПАТА НА „КОМЕНСКИ“ ГО ОСВОИ КОШАРКАРСКИОТ ТРОН

**Основците од „Јан Амос Коменски“ во драматичен финиш ги совладаа своите соперници од ООУ „Петар Поп Арсов“ со резултат 42:39, во возбудливиот финален меч во рамки на училишната кошаркарска лига на Карпош 2024/2025 година, кој се одигра денеска во спортската сала „Партизан“. Тимот од Тафталиџе 1 дојде до победничкиот пехар преку организирана игра во одбраната и силниот пресинг кој го наметна на целиот терен.**

**Инаку, кошаркарите од „Петар Поп Арсов“ одлично го започнаа финалето, добивајќи ја првата четвртина со резултат 11:4. Втората четвртина помина во знак на добрата одбрана на обете страни, така што пред полувремето двете екипи отидоа речиси со идентичен број на поени како од првата четвртина, односно со резултат 11:5. Веќе во третата четвртина, тимот на Коменски покажа цврст карактер во одбраната но и во нападот, со што успеа да направи целосен пресврт и да ја насочи психолошката предност во своја корист, поведувајќи со 16:15. Последната четвртина од финалето беше навистина изедначена, но сепак на крајот младите кошаркари од „Коменски“ покажаа поголема волја и концентрација која им го обезбеди првото место.**

**Пред финалето, се одигра кошаркарскиот меч за третото место помеѓу основните училишта IPS и „Владо Тасевски“, во кој тимот на IPS беше поуспешен од своите ривали од населбата Козле, совладувајќи ги со резултат 38:30. Општина Карпош обезбеди еднократна парична награда во висина од 6.000 денари за најуспешните млади кошаркари, кои остварија најдобри резултати во рамки на училишната кошаркарска лига на Карпош. Имено, Максим Димовски од ООУ „Петар Поп Арсов“ беше прогласен за најдобар играч, позицијата најталентиран играч на овогодинешната лига ја зазема Марко Тримчевски од ООУ „Јан Амос Коменски“, додека пак Љубомир Миленковиќ од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ со преку 200 постигнати поени се стекна со титулата најдобар стрелец.**



# СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ ДОБИВААТ ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМ



**Општина Карпош континуирано работи на зголемување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливи извори на енергија на својата територија, водејќи грижа за комфорот и условите за престој на децата во детските градинки и основните училишта. Во таа насока, минатиот викенд започна поставувањето на фотоволтаични панели во општинските основни училишта „Војдан Чернодрински“ и „Владо Тасевски“. Поставувањето на овие он-грид фотоволтаични системи со капацитет од 20 KW, претставува огромен чекор кон заштеда на енергија, намалување на трошоците и зачувување на животната средина. Проектот е реализиран со поддршка од повеќе институции, вклучувајќи ја Владата на РСМ, Министерството за образование, како и Бирото за регионален развој и Скопскиот плански регион.**

**Во петокот исто така беа поставени фотоволтаици во ООУ „Братство“ со капацитет од 25 KW, а за оваа интервенција Општина Карпош издвои парични средства од својот буџет во висина од 1.000.000 денари. Во таа насока, општинскиот Сектор за екологија и енергетска ефикасност деновиве ќе подготви стручна анализа, со која прецизно ќе се утврдат заштедите кои би се акумулирале од поставување на фотоволтаичните системи во училиштата. Со ова училиштето ќе има заштеда на енергија поготово во летниот период кога нема настава, што значи дека тие ќе приходуваат на својата сметка за да ги намалат трошоците за струја во зимскиот период. Покрај оваа иницијатива, се заложивме сите училишта да имаат вештачка трева на своите спортски терени, во сите училишта ќе имаме по една компјутерска сала, а исто така сите основци во Карпош од петто до осмо одделение ќе работат на смарт панели. Сите училишни установи на наша територија ќе бидат реновирани, што значи дека целосно сме се посветиле на подобрување на условите за престој и работа на наставниците и учениците – истакна градоначалникот Јакимовски.**

# ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВАЧИЊА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

**Општина Карпош ги известува родителите чиишто дечиња годинава треба за првпат да тргнат на училиште, дека во текот на месец мај 2025 ќе започне уписот на првоодделенци со претходно закажани термини во училиштата, кај Комисијата за запишување на ученици.**

**Имено, во прво одделение ќе се запишуваат деца коишто се родени во 2019 година кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години, како и децата кои се родени до 31.01.2020 година, по претходно барање на родител и добиено мислење од педагог и психолог.**

**Согласно член 63 од Законот за основното образование на РСМакедонија (Службен весник на РСМ бр.161/19, 229/20 и 3/25), основните општински училиштата на територија на Општина Карпош ги опфаќаат учениците од својот реон, утврден од основачот на училиштето, поточно со Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на локалната самоуправа. бр.09-3562/1 од 25.04.2024.**

**Оттука, родителите при уписот на детето во прво одделение треба да ја поднесе потребната документација, односно:**

**Извод од матична книга на родените на ученикот (копија);**
**Лична карта од родител/старател (копија);**
**Потврда за примени задолжителни вакцини издадена од надлежна здравствена установа;**
**Потврда од стоматолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа;**
**Потврда од офтамолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа;**
**При запишувањето на дете со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.**
**Од оваа година стоматолошкиот преглед за идните првачиња освен во Поликлиника-Букурешт, може да се направи и во Поликлиника –Ѓорче Петров, почнувајќи од 22 април 2025 година , секој работен ден од 08.00-19.30 часот без закажување термини.**

**Од 28 април па се до крајот на месец мај се воведува втора смена и во диспанзерот Карпош ( секој ден од понеделник до петок) и во полоклиника Букурешт ( вторник и четврток) за стоматолошки прегледи за првачињата.**

## ЗАВРШИЈА СУБВЕНЦИИТЕ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛ.ТРОТИНЕТИ

**Ве известуваме дека предвидените средства за субвенционирање при купување на нов велосипед и електричен тротинет се целосно исцрпени.**

## ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ ЗА 115 СЕМЕЈСТВА ОД КАРПОШ

**Во пресрет на Велигденските празници, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, традиционално ја организираше 33-тата хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“. Во таа насока, својата солидарност ја покажаа најмладите карпошани од детските градинки и основните училишта, кои заедно со хуманите граѓани, претставници од Советот и општинската администрација, донираа прехранбени и хигиенски производи за семејствата од Карпош кои се наоѓаат во потешка материјална состојба.**

**Во оваа пригода, градоначалникот Стевчо Јакимовски се сретна и разговараше со своите сограѓани, при што им ги додели хуманитарните пакети.**

**Оваа акција ја спроведуваме традиционално, два пати во годината, за Велигденските празници и по повод роденденот на општината. Покрај другото, на овие граѓани им помагаме и со еднократна парична помош еднаш на пролет и еднаш на есен, (на Денот на лицата со попреченост). Искрено се надевам и посакувам нашите сожители кои се наоѓаат во социјален ризик, набрзо да ја надминат оваа состојба. И покрај тоа што ова е обврска на државата, ние како локална самоуправа не ги забораваме нашите сограѓани и ќе сториме сé што е во рамки на нашите можности – посочи Јакимовски.**

# АПЕЛ ДО ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Општина Карпош е соочена со континуирани поплаки од граѓаните кои живеат во колективни станбени згради и граѓани кои живеат во индивидуални куќи. Поплаките се во континуитет на една тема – одржувањето на хигиената. Граѓаните на Карпош кои што живеат во индивидуални станбени објекти никогаш не се жалеле на подигнувањето на кантите за смет. Тие секогаш и редовно се подигаа два пати неделно, во сите индивидуални населби. За жал, последниве десетина месеци сведоци сме на нередовно подигнување на кантите со смет во Влае, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Млечен ресторан, цело Козле, Трнодол, Жданец, Нерези. Од два пати, почнаа да ги подигнуваат еднаш неделно, а некогаш ниту еднаш. Иако граѓаните плаќаат ѓубретарина и за куќата и за дворот, собирачите на смет одбиваат да ги подигнат уредно спакувани кеси со кастрени огради или со косена трева. Значи воведуваат нови правила кои само нив им одговараат. Револтот кај граѓаните е огромен и сосема оправдан. Собирање на сметот од пред колективните станбени згради од секогаш повеќе или помалку бил рак рана. Но, сега ова состојба е доведена до ужас. Готово да нема контејнери кои се преполни со смет како и околината околу нив.

Ова произлегува од нередовното собирање на истиот и крајно стихијно неорганизирано и неодговорно за јавно претпријатие кое има исклучително важна задача за да метрополата ни изгледа поубаво. Граѓаните на Карпош, од сите граѓани во Градот Скопје се најдобри плаќачи на сметките за смет. Значи Карпош има највисок процент на наплата и ЈП комунална хигиена, најмногу приходи собира од оваа општина.

Граѓаните на општина Карпош ваков однос на ЈП Комунална хигиена не можат повеќе да толерираат и затоа локалната самоуправа упатува апел до ЈП Комунална хигиена:

**ВЕ МОЛИМЕ ПОДОБРЕТЕ ГО ВАШИОТ РАБОТЕН ОДНОС КОН ОПШТИНА КАРПОШ. ВРШЕТЕ ЈА РАБОТАТА ЗА КОЈА ШТО ЗЕМАТЕ ПАРИ ОД ГРАЃАНИТЕ. ВО СПРОТИВНО НАШИТЕ КОМУНАЛНИ ИНСПЕКТОРИ ЌЕ ПИШУААТ СЕКОЈДНЕВНИ КАЗНИ ЗА СЕКОЕ МЕСТО КАДЕ ИМА КОНТЕЈНЕРИ КОИ СЕ ПРЕПОЛНИ.**

Општина Карпош како дел од Градот Скопје нема намера да војува со ЈП комунална хигиена. Само во името на граѓаните бараме драстично да се подобри индивидуалната хигиена. Во спротивно ќе бидеме принудени да пишуваме казни на правното лице и на одговорното лице во правното лице. Од вторник , 22 април, инспекторите на општина Карпош ќе започнат со контрола на теренот и со преземање на законски мерки. Доколку Комунална хигиена го сфати нашиот апел сериозно и ја подобри својата работа, општина Карпош јавно ќе се заблагодари и ќе го пофалиме коректниот однос на менаџментот на ова претпријатие.

## ОДБОЈКАРСКО ЗЛАТО ЗА ОСНОВКИТЕ ОД„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

**Во еден крајно возбудлив меч преполн со атрактивни поени како што доликува на едно големо финале, денеска во спортската сала „Партизан“ младите одбојкарки од ООУ „Војдан Чернодрински“ успеаја да слават над своите ривалки од ООУ „Јан Амос Коменски“ со 2:1 во сетови, со што се промовираа во овогодинешни шампионки во рамки на училишните спорски лиги на Општина Карпош.**

**Патот до победничкиот трон за екипата од „Млечен“ беше навистина тежок и напорен, со оглед на фуриозниот старт кој на самиот почеток го наметнаа младите одбојкарки од Тафталиџе 1. Градејќи една трпелива игра со добра поставеност на теренот, девојките од „Коменски“ едноставно доминираа над своите сопернички приведувајќи го првиот сет со убедлив резултат 25:14 во своја полза. И покрај тоа што изгледаше дека однапред ќе биде познат победникот, одбојкарките од „Војдан“ сепак навреме се фокусираа и најдоа решение за одличната одбрана на своите противнички, при што возвратија со еднаков одговор и го освоија вториот сет со 25:15.**

**Во одлучувачкиот сет веќе сé беше неизвесно и финалистките мораа да ги вложат и последните сили за да дојдат до поен. Меѓутоа од средината на последниот сет, девојките од „Млечен“ беа пофокусирани и демонстрираа поголема стабилност во играта, што на крајот резултираше со сигурна победа од 16:7, која конечно им овозможи да го подигнат шампионскиот пехар.**

